

СЕ ЗА МАКЕДОНИЈА

ДОКУМЕНТИ 1919 - 1924

Бр. 58
Писмо до д-р Јован Јовичевиќ[1] од септември 1923 г.[2]

До господинот
д-р Јован Јовичевиќ
во Цариград.

Почитуван господине,

Вашиот план за една југословенска федеративна република не само што не е необичен туку е и многу разумен. Што има подобро од тоа – Црна Гора, Босна, Хрватска, Словенија, Банат, Србија, Македонија, Бугарија – да формираат една федеративна република. Така би се создала една голема држава од албанските планини до Црно Море и од Трст до Солун. Кон таа федерација, доброволно и по потреба, би се присоединиле и Грција, и Албанија, па и Романија, иако несловенски земји, па таа би се проширила до општобалканска федерација. Ние особено сметаме на тоа бидејќи во Македонија, нашата татковина, освен Бугари, живеат и Грци, и Турци, и Албанци, и Власи, па кога таа ќе биде самоуправна политичка единица во федерацијата, ќе може да се уреди така за сите споменати народности да имаат исти и еднакви права.

Ние, македонските Бугари, многу страдавме и страдаме, та не сакаме ниту еден друг народ, колку и да е мал, да страда.

Меѓутоа, наивност е да се мисли дека кралот Александар и кликата околу него од офицери, политичари и професори ќе го прифатат доброволно Вашиот план.

Тие, кои посегнаа подмолно врз независноста на јуначка Црна Гора која, единствена од христијанските земји на полуостровот, не ќе се потчини на големата Отоманска Империја – тие империјалисти братоубијци никогаш доброволно нема да се откажат од своето владеење и од својот престапен пансрбизам. Само со сила може да се исчисти српската олигархија и затоа сите народи потчинети на Белград треба да си подадат рака и да се подготват, па во даден поволен момент, да се кренат против угнетувачите. Српскиот народ, држен во заблуда, не само што нема да загуби ништо туку исто така само ќе добие од тоа. Впрочем, да работиме сите меѓу своите во таа насока и целта ќе биде постигната.

Проштавајте што Ви одговарам доцна; далеку сум.

Со почит:
[потпис] Т. Александров

ЦДА, Ф. 1933, оп. 2, а. е. 15, л. 1. Оригинал, машинопис.

[1] Д-р Јован Јовичевиќ бил поранешен генерален конзул на Црна Гора во Женева.

[2] Писмото е без датум, а го датираме според писмото на д-р Ј. Јовичевиќ испратено од Цариград на 23 август 1923 година до „Todor Aleksandrov, Macedonien“, што тој го примил на 19 септември 1923 година (АМВР, ОБ–138, л. 51).

Бр. 58
Писмо до д-р Јован Јовичевиќ од септември 1923 г.

Господину
Д-ръ Йованъ Йовичевичу
въ Цариградъ.

Уважаеми Господине,

Планътъ Ви за една югославянска федеративна република не само не е чудноватъ, но е много разуменъ. Какво по-добро отъ това – Черна Гора, Босна, Хърватско, Словенско, Банатъ, Сърбия, Македония, България – да образуватъ една федеративна република. Така би се създала една велика държава отъ Албанскитѣ планини до Черно море и отъ Триестъ до Солуна. Къмъ тази федерация доброволно и по необходимость биха се присъединили и Гърция, и Албания, па и Романия, макаръ и неславянски страни, та би се разширала тя до общобалканска федерация. Ние особено държимъ на това, защото въ Македония, нашето отечество, освѣнъ българи живѣятъ и гърци, и турци, и албанци, и власи, та като бѫде тя самоуправляща се политическа единица въ федерацията, ще може да се устрои така, щото всички поменати народности да се радватъ на равни и еднакви права.

Ние, македонскитѣ българи, сме много страдали и страдаме, та не желаемъ никой другъ народъ, колкото малъкъ и да е той, да страда.

Наивность е, обаче, да се мисли, че краль Александъръ и заобикалящата го клика отъ офицери, политици и професори ще приематъ доброволно Вашия планъ.

Тѣзи, които посегнаха вѣроломно върху независимостьта на юнашка Черна Гора, която единствена отъ християнскитѣ страни на полуострова не се подчини на великата Османска империя, – тѣзи империалисти братоубийци, никога доброволно нѣма да се отрѣкатъ отъ своето господство и отъ своя прѣстѫпенъ пансърбизъмъ. Само съсъ сила може да се изрине сръбската олигархия и затова всички подвластни на Бѣлградъ народи трѣбва да си подадатъ ржка и да се приготвятъ, та въ даденъ благоприятенъ моментъ, да се дигнатъ срѣщу потисницитѣ. Държания въ заблуда сръбски народъ, не само нищо нѣма да загуби, но сѫщо така само ще спечели отъ това. Нека, прочее, всички работиме въ туй направление между своитѣ и цѣльта ще бѫде постигната.

Извинавайте, че късно Ви отговарямъ; далечъ съмъ.

Съ почитъ:

[потпис] Т. Александровъ.

ЦДА, Ф. 1933, оп. 2, а. е. 15, л. 1. Оригинал, машинопис.